[redacted]

**До: Општина Демир Хисар**

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Од: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)
Застапник / полномошник на барателот на информацијата [redacted]
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот барам да ни ги достави следниве информации од јавен карактер:

1. Дали вашата општина досега има примено жолти и сини канти и контејнери од 120 литри и од 1100 литри од Министерството за животна средина и просторно планирање за примарна селекција на отпад од пакување?

2. Доколку има примено, наведете го поединечниот број на добиени канти и контејнери, и тоа:

   - сина канта од 120 литри

   - жолта канта од 120 литри

   - син контејнер од 1100 литри

   - жолт контејнер од 1100 литри

3. Дали вашата општина има склучено договор со колективен постапувач за управување со отпад од пакување?

4. Доколку имате склучено договор, доставете ни ги информациите за тоа кога е склучен секој поединечен договор, со кого и до кога трае?

5. Дали во вашата општина постои функционално селектирање и управување со посебните текови на отпад кои се дел од системот на проширена одговорност на производителот?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго-------------------------------------------------------------------------

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго-------------------------------------------------------------------------

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Датум и место:
28.05.2025

[redacted]

**Датум:** 03.06.2025

**ДО** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 18-648/1, 28.05.2025 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува:

-Решение и

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

---------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на 29.05.2025 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со примарна селекција на отпад за пакување, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ви ја доставува информацијата во врска со примарна селекција на отпад за пакување.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 28.05.2025 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 28.05.2025 година под архивски број 18-648/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 03.06.2025 година, под бр. 18-648/2.

По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер

______________________________

Игор Дамјаноски, раководител на одделение за управување со човечки ресур

**-ИНФОРМАЦИЈА-**

- ЈКП Комуналец а не Општина Демир Хисар има примено жолти и сини канти и контејнери од 120 литри и 1100 литри од Министерството за животна средина и просторно планирање.

- Поединечен број на примени канти и контејнери:
  -сина канта од 120 литри-23 парчиња
  -жолта канта од 120 литри-24 парчиња
  -син контејнер од 1100 литри-9.
  -жолт контејнер од 1100 литри-10 парчиња.
  НАПОМЕНА: Податоците се добиени од ЈКП Комуналец Демир Хисар.

- Општина Демир Хисар нема склучено договор со колективен постапувач за управување со отпад за пакување.

- Во Општина Демир Хисар не постои функционално селектирање и управување со посебните текови на отпад кои се дел од системот на проширена одговорност на производителот.

По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер

Игор Дамјаноски, раководител на одделение за управување со човечки ресурси

-----------------------------------------------